Република Северна Македонија
**Државен просветен инспекторат**

Република Северна Македонија

Државен просветен инспекторат

Бр. 09-556

06.07.2023 год.

ул. Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје
РепубликаСеверна Македонија

Тел. (02) 3140 103
Е-пошта: dpi@mon.gov.mk
Веб страна:www.dpi.mon.gov.mk

ДО:
Бленди Ходаи
Генерален директор на Форумот за промени во образованието
Илинденска 87/13 13 -Тетово

**Предмет: Известување**

По доставена Пријава од Ваша страна до Државниот просветен инспекторат, заведена под наш Ип1 бр.09-556 од 03.07.2023 година, како и по Задолжение Ип1 бр.09-556 од 03.07.2.2023 година од Директорот на Државниот просветен инспекторат, а примено на 05.07.2023 година, во однос на наводи за противзаконски избор на два члена на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, и тоа за проф.д-р Фатон Шабани и проф.д-р Ндерим Зеќири, Ве известуваме за следното:

На ден 05.07.2023 година се изврши вонреден инспекциски надзор на Универзитет во Тетово -Тетово, во однос на наводите од претставката.

По разгледување на приложената документација и извршениот службен разговор со присутните лица, се констатира следното:

1.Во однос на наводите на претставката дека проф.д-р Фатон Шабани е член на Националниот совет, а истовремено е проректор за финансии и странски инвестиции на Универзитетот во Тетово, на денот на надзорот приложена е докуменtција и тоа:

-Одлука бр.02-3991/1 од 21.11.2022 година, за назначување на проф.д-р Фатон Шабани за вршител на должноста проректор за финансии, инвестиции и развој, потпишана од В.Д. Ректор проф.д-р Вулнет Амети

-Одлука бр.04-1423/2 од 23.05.2023 година, за назначување на проф.д-р Фатон Шабани за вршител на должноста проректор за финансии, инвестиции и развој, потпишана од В.Д. Ректор проф.д-р Куштрим Ахмети.

Собранието на Република Северна Македонија на седница одржана на 21 април 2021 година има донесено Одлука за избор на членови на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, при што меѓу останатите членови на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, под реден број 11, од вкупно 15 членови е избран проф.д-р Фатон Шабани, од научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација, општествени науки од Универзитетот во Тетово, на предлог на Владата на Република Северна Македонија.

Констатираната состојба е спротивна на член 42, став (2) од Законот за високо образование.

2.Во однос на наводите во претставката дека проф.д-р Ндерим Зеќири е дел од Сенатот на Универзитетот во Тетово и наводите дека не ги исполнува условите за член на Советот, констатирано е дека:

CamScanner

Република Северна Македонија
**Државен просветен инспекторат**

[redacted]

-Наставно-научниот совет на Факултетот за применети науки на Универзитетот во Тетово, на ден 05.07.2021 година, има донесено Одлука бр.17-391/3 од 05.07.2021 година за избор во наставно-научно звање Редовен професор од областа на Техники за контрола и управување на дисконтинуирани и континуирани процеси (21803) на Факултетот за применети науки при Универзитетот во Тетово.

-На ден 01.12.2021 година,, Сенатот на Универзитетот во Тетово има донесено Одлука бр.02-4311/1 од 01.12.2021 година за потврдување на изборот во наставно-научно звање редовен професор.

-На ден 01.12.2021 година, Сенатот на Универзитетот има донесено Одлука бр.02-4304/1 од 01.12.2021 година, за верификација на мандатот на членовите на Сенатот на Универзитетот во Тетово. Во наведената одлука, под реден број 9 е верифициран мандатот на проф.д-р Ндерим Зеќири од Факултетот за применети науки.

Констатираната состојба е согласно член 42, став (2) од Законот за високо образование, односно проф.д-р Ндерим Зеќири е член на советот, професор на Факултетот за применети науки и истиот е избран од редот на професорите, во работен однос на Универзитетот во Тетово.

Согласно горенаведеното, и согласно надлежностите кои ги има државниот просветен инспекторат, Записникот со констатираната состојба ќе биде доставен до Владата на Република Северна Македонија на негово запознавање, надлежност и постапување.

Советник – Државен просветен инспектор
Даниела Кировска

CamScanner